З А П И С Н И К

Од 43-та редовна седница на Советот на општина Василево

Советот на општина Василево ја одржа 43-та редовна седница на ден 29.03.2021 година (Понеделник) со почеток во 12.00 часот во просториите на Домот на културата во Василево.

Седницата ја свика и ја водеше Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево.

На седницата од оправдани причини не присуствуваа советниците: Виолета Ристова, Бранко Трајков и Атанас Ристов.

На седницата присуствуваа: Марјан Јанев градоначалник на општина Василево, Верче Миткова, Горан Андонов и Ристо Михаилов претставници од општинската администрација, Васе Костадинов представник од ЈПКД ,, Турија " Василево, Василија Христова вд. директор на детската градинка ,, Прва Радост" Василево.

Пред да биде предложен дневниот ред за работа на 43-та седница на Советот на општина Василево беше отворена расправа по записникот од 42-та седница на Совет на општина Василево одржана на ден 26.02.2021 година, немаше пријавено за збор беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 4.

За работа на 43- та седница на Совет на општина Василево беше предложен следниот дневен ред.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1.Давање согласност на Извештајот за работа на ЈПКД „Турија " и годишната сметка на ЈПКД „Турија "Василево за 2020 година.

2.Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното предпријатие за комунални дејности ЈПКД „Турија "Василево за распоредување на добивката остварена по годишната сметка и финансискиот извештај за 2020 година бр.02-153/1 од 25.02.2021 година.

3. Предлог – завршна сметка на Буџетот на општина Василево за 2020 година.

4. Годишен извештај на општина Василево за 2020 година.

5.Завршна сметка за 2020 година на ЈОУГД ,, Прва радост Василево за 2020 година.

6. Давање согласност на Одлуката на Управниот Одбор на ЈОУГД ,, Прва Радост" Василево за преименување на јаслена група во комбинирана група.

По отворената расправа по дневниот ред за работа на 43- та седница на Совет на општина Василево за збор се јави Тони Малчев член на Советот на општина Василево предложи надополнување на дневниот ред со три точки:

Како 7- ма точка од дневниот ред да биде: Разгледување на предлог за мегуопштинска соработка поднесена од Градоначалникот на општина Василево.
Како 8- ма точка од дневниот ред да биде: Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Василево за 2021 година.

И Како 9- та точка од дневниот ред да биде: Предлог- Одлука за сопствено учество на Општина Василево за реализација на основен проект за реконструкција санација и адаптација на постоен објект дом на Културата кој егзистира на дел КП. Бр.2198/1 во КО Василево.

Немаше друг пријавено за збор првиот предлог на Тони Малчев како 7 – ма дополнителна точка од дневниот ред да биде:Разгледување на предлог за мегуопштинска соработка поднесена од Градоначалникот на општина Василево, беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Вториот предлог на Тони Малчев како 8 – ма дополнителна точка од дневниот ред да биде: Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Василево за 2021 година., беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

И Третиот предлог на Тони Малчев како 9-та дополнителна точка од дневниот ред да биде: Предлог- Одлука за сопствено учество на Општина Василево за реализација на основен проект за реконструкција санација и адаптација на постоен објект дом на Културата кој егзистира на дел КП. Бр.2198/1 во КО Василево, беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

Дневниот ред за работа на 43-та седница на Совет на општина Василево со усвоените три предлози на Тони Малчев да се надополни дневниот ред:

- како 7 – ма точка од дневниот ред да биде:Разгледување на предлог за мегуопштинска соработка поднесена од Градоначалникот на општина Василево
- Вториот предлог на Тони Малчев како 8 – ма точка од дневниот ред да биде: Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Василево за 2021 година
- И Третиот предлог на Тони Малчев како 9-та точка од дневниот ред да биде: Предлог- Одлука за сопствено учество на Општина Василево за реализација на основен проект за реконструкција санација и адаптација на постоен објект дом на Културата кој егзистира на дел КП. Бр.2198/1 во КО Василево, беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево го усвои со12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

1.

Поради немање кворум за работа комисијата за финансирање буџет и локален економски развој не се состана.

По отворената расправа по првата точка од дневниот ред: Давање согласност на Извештајот за работа на ЈПКД „Турија " и годишната сметка на ЈПКД „Турија "Василево за 2020 година за збор се јави Сања Христова член на Советот на општина Василево побара образлозение на минатата седница беше договорено да се разговара со директорот на ЈПКД „Турија "Василево конкретно спомна за нејзиното населено место Градашорци цел месец водата за пиење беше матна поради тоа што граганите не користеа еден месец вода за пиење треба да бидат ослободени да не плаќат вода за тој месец се предложи до директорот на ЈКП да се преговара да бидат ослободени граганите од плаќање.

Васе Костадинов претставник од ЈП,, Турија''Василево рече дека оваа прашање беше поставено на директорот и при направена анализа од Центарот за јавно здравје на 26.01.2021 и фебруари месец е утврдено дека водата за пиење била исправна и при направената пресметка констатирано е дека трошковите се зголемени додека приходите поради намалената потрошувачка се намалени со разговор со директорот е констатирано дека нема основа да се одобри да се намали наплатата на вода. Од страна на ЈП,, Турија''Василево, беше направено испусти, прочистување на линијата трошковите ногу се зголемени струја, хлор што значи за 20% приходите се намалени за разлика од предходните

периоди. Имаше соопштено од Центарот за управување со кризи и преку медиумите водата да не се пие извесен период. Центарот за јавно здравје вршеше анализа секој месец, на 26.01. 2021 има дадено резултати дека има исправна вода за пиење Градашорци, Едрениково и втори месец Нова Маала.
Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека при разговор со директорот на ЈП,, Турија‘‘утврдено е дека има многу трошкови а наплатата е многу мала според тоа неможат граганите да бидат ослободени да не плакат вода за тие месеци.
Сања Христова рече дека со градоначалникот потекнуват од исто населено место него знае неговиот став смета дека месец ипол водата во Градашорци не беше исправна за пиење за време на пандемија сите семејства беа обврзани со трошкови да се снаогат коко можат и умеат од бунарри, чешми за тоа што флашираната вода е скапа да се купува. За тоа на минатата седница се разговараше ЈП,, Турија‘‘ да излезе во сусрет на граганите од Градашорци и Ангелци да биде намалена цената според неа смета дека неможе водата од чешмите да се наплака како технички исправна вода за пиење.
Марјан Јанев градоначалник на општина Василево рече дека краток период од 4 до 5 дена имаше многу дождови и имаше разматување на водата од браната за тоа се излезе со соопштение пред граѓаните дека водата не е исправна за пиење според него смета дека нема основа за ослободување на граганите да не плаќат вода , бидејки при сопштување е кажано дека водата не е за пиење и граганите не треба да ја користат а штом се користи нема основа и да се намали цената бидејќи во тој период водата е користена за други намени. Додека во делот за намалување на цената рече дека затоа одлучува регулаторната комисија од Скопје. Од друга страна законска основа за да се ослободат граганите и да се намали цената на водата нема бидејќи анализата од Центарот за јавно здравје укажува дека водата е исправна освен периодот од 4 до 5 дена за кој на граганите им беше дадено соопштение по медиумите и веб страната на Општина Василево и продавниците во никој случај водата да не се пие а штом не се пие нема трошено ни вода, доколку има трошено вода за други намени треба да се плати според него правно и законска основа нема за да бидат ослободени граѓаните во тој период.
Сања Христова доколку тие сметки се готови сигурно се и платени сметките неможе парите да бидат вратени, уште од минатата седница нејзин предлог беше да бидат обештетени граганите и доколку има повеќе вода потрошено да се најде начин да се намали цената на сметката која е приложена за вода да се олесни на граганите, бидејки водата сеуште не е исправна се користи вода од бунари,чешми или флаширана вода.
Марјан јанев градоначалник на општина Василево рече доколку ЈП,, Турија‘‘ или општина Василево издаде соопштение дека водата не е исправна повеќе нетреба да има потрошувачка за тоа никој не е соодветен за тоа има институции водата секој месец се испитува, месечно извештаи се добиват дали водата е исправна или не, рече дека лично тој дома користи вода за пиење.

По затворената расправа првата точка од дневниот ред : Давање согласност на Извештајот за работа на ЈПКД „Турија “ и годишната сметка на ЈПКД „Турија “Василево за 2020 година. беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, 4 и ,, и воздржани,, нема.

2

По отворената расправа по втората точка од дневниот ред: Давање согласност на Одлуката на Управниот одбор на Јавното предпријатие за комунални дејности ЈПКД „Турија “Василево за распоредување на добивката немаше пријавено за, беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, 4 и ,, и воздржани,, нема.остварена по годишната сметка и финансискиот извештај за 2020 година бр.02-153/1 од 25.02.2021 година

3.

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: Предлог – завршна сметка на Буџетот на општина Василево за 2020 година, немаше пријавено за збор беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема ,, и воздржани,, 4.

4

По отворената расправа по третата точка од дневниот ред: за збор се јави Сања Стојанова член на Советот на општина Василево од советничката група на ВМРО –ДПМНЕ побара образложение поради извештајот кој е доставен има заклучок дека долговите на општината се колку и буџетот 70.000 000 денари со многу ниска реализација 59% и покрај дадената помош од државната влас од 30.000 000 денари праша која е причината за ваквото непланско работење.

Марјан Јанев градоначалник на општина Василево рече дека не се согласува со излагањето на советничката Сања Стојанова доколку убаво се разгледани материјалите кои им се доставени ќе забележат дека реализацијата на вкупниот буџет е 80% од 162.000 000 има реализација 134.000 000 денари за прв пат од самото фунционирање на општината има ваква добра реализација на Буџетот тоа е резултат на планско работење на локалната самоуправа и изготвување на буџетот. Реализација на основниот Буцет изнесува 60% оваа е резултат на домакинското работење на тоа што Општина Василево и беа одобрени 2 крупни проекти реализација на патот Нова Маала – Чанаклија каде изведувач е Енерго-Инвест и реконструкција на патот Ново Владевци- Сушево каде што изведувач е фирмата Портланд со вкупна вредност од 30.000 000 милјони денари кој се веке реализирани односно 25.000 000 денари. Доколку Агенцијата за финансиска подршка ги трансферираше средствата на време пред 25 декенври каде што истите средства ќе беа трансферирани на фирмите и рализацијата ќе беше 80% на Основниот Буџет. Гградоначалникот Марјан Јанев рече дека неможе да каже дека вината е во Платежната Агенција бидејќи тоа е така поради ситуацијата со пандемијата од Ковид 19 истите средства кој требаше да се трансферират спрема сите општини во државата Владата ги пренамени за потребите за справување со самата криза. Доколку истите средства беа трансферирани реализацијата на основниот Буџет ќе беше80% што значи за прв пат има таква добра реализација на Буџетот.

Немаше друг пријавено за збор четвртата точка од дневниот ред: Годишен извештај на општина Василево за 2020 година, беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,, нема ,, и воздржани,, 4.

5.

Поотворената расправа по петата та точка од дневниот ред: Завршна сметка за 2020 година на ЈОУГД ,, Прва радост Василево за 2020 година, немаше пријавено за бор беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, и воздржани,, нема.

6.

По отворената расправа по шестата та точка од дневниот ред: Давање согласност на Одлуката на Управниот Одбор на ЈОУГД ,, Прва Радост“ Василево за преименување на јаслена група во комбинирана група. За збор се јави Неџат Меминов претседател на комисијата за општествени дејности рече дека комисијата на седницата го разгледа од 3 присутни члена ја усвои со 3гласа,, за,, ,, против,,и ,, воздржани,, нема.

Василија Христова вд. директор на на ЈОУГД ,, Прва Радост“ Василево даде образложение дека подолг период нема интерес за запишување во јаслената група постои голем интерес за запишување од 2 до 6 години сега барат да им се овозожи да се донесе одлука за преименување на јаслите во комбинирана група да се опфатат децата од 12 месеци до 6 години.

Немаше друг пријавено за збор шестата точка од дневниот ред Давање согласност на Одлуката на Управниот Одбор на ЈОУГД ,, Прва Радост“ Василево за преименување на јаслена група во комбинирана група., беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, ,, и воздржани,, нема

7.

По отворената расправа по седмата та точка од дневниот ред: Разгледување на предлог за мегуопштинска соработка поднесена од Градоначалникот на општина Василево за збор се јави Верче Миткова представник од општинската аддминистрација во образлошението рече дека на 27.01 2021 година Општина Василево ја доби надлежноста од Владата на Северна Македонија за располагање со градежно земјиште сопсвеност на република Северна Македонија за да може општината да располага со оваа градежно земјиште потребно е да има формирано комисија каде членовите треба да имат положено овластување за располагање со градежно земјиште. Поради породилно боледување на претседателот на комисијата и поради термин за полагање на испит кој се најавуват во октомври месец потребен е член на таа комисија за да може да расолага во тој дел затоа од името на градоначалникот има поднесено предлог за воспоставување на мегуопштинска соработка поимегу општина Василево и Општина Радовиш каде што има

повеќе лица вработени кој имат овластување за располагање на градежно земјиште за да може да профункционира предходната комисија.

Крсте Панев претседател на Советот на општина Василево рече дека Советот треба да разгледа предлогот на градоначалникот и донесе одлука на утврдување предлог за воспоставување за општинска соработка помегу Општина Василево и Општина Радовиш .

Советот на општина Василево го разгледа предлогот на градоначалникот и Донесе Одлука за утврдување и воспоставување на мегуопштинска соработка помегу општина Василево и општина Радовиш, мегуопштинската соработка ке се остварува со вршење на определени работи од страна на општина Радовиш за општина Василево . Работите кои што општина Радовиш ќе ги извршуват за општина Василево се од областа на располагање на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија.Вработеното лице од општина Радовиш со овластување за управување со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија да биде член на Комисијата за спроведување на постапките за јавно надавање и да врши и други работи од областа на располагање на градежното земјиште, работите и работните задачи да ги извршува вработеното лице во општината Радовиш кое е со овластување за управување со градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија да ги врши во име и за сметка на општина Василево. Работите да ги извршува за време од 1 година. За работното ангажирање на вработеното лице од општина Радовиш општина Василево се обврзува да му исплаќа надоместокот, патни и дневни трошоци согласно законските прописи. Договорот ќе го склучат Градоначалникот на општина Радовиш и градоначалникот на Општина Василево. Беше ставено на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ги усвои со 8 гласа,, за,, ,, против,,нема и ,, и воздржани,, 4.

8

. По отворената расправа по осмата та точка од дневниот ред: Измена и дополнување на Годишен план за вработување на Општина Василево за 2021 година. немаше пријавено за збор,беше ставен на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ја усвои со8 гласа,, за,, ,, против,, нема и ,, воздржани,, 4.

9.

По отворената расправа по деветата точка од дневниот ред: Предлог- Одлука за сопствено учество на Општина Василево за реализација на основен проект за реконструкција санација и адаптација на постоен објект дом на Културата кој егзистира на дел КП. Бр.2198/1 во КО Василево, образложение даде Верче Миткова представник од општинската аддминистрација рече дека од Бирото за регионален развој има објавено повик за одредени проекти општина Василево планира да аплицира за проектот за реконструкција санација и адаптација на постојаниот Дом на Културата со кофинансирање сопствено учество на Општина Василево од 1.915.295 денари и учество на Бирото за регионален развој од 10.853.337денари се работи за Домот на Културата во Василево каде е сместена салата во која заседава Советот со целосна реконструкција.
Немаше друг пријавено за збор: Предлог- Одлука за сопствено учество на Општина Василево за реализација на основен проект за реконструкција санација и адаптација на постоен објект дом на Културата кој егзистира на дел КП. Бр.2198/1 во КО Василево,беше ставено на гласење од вкупно присутни 12 советници Советот на општина Василево ги усвои со 12 гласа,, за,, ,, против,, и ,, воздржани,, нема.

По исцрпениот дневен ред претседателот на Советот на општина Василево Крсте Панев ја затвори 43- та седница на Советот на општина Василево.

Записничар:
Зора Коларова

Совет на општина Василево
Претседател
Крсте Панев